## Коментари на раководството и проценка на ДЗР

Од страна на министерот на МЖСПП на РМ на ден 25.12.2009 година до Државниот завод за ревизија доставени се коментари по ревизорски извештај во писмена форма под бр. 02 – 10574/3 од 22.12.2009 година по основ на примен Претходен извештај од извршена ревизија на успешност во областа активности поврзани со намалување на климатските промени во Република Македонија.

Субјектот достави мислење по Претходен извештај по истекот на рокот предвиден во Законот за државна ревизија за доставување забелешки по претходниот извештај. Применото писмено мислење по ревизорскиот извештај иако е доставено вон законски предвидениот рок и не е во форма на забелешки, ниту има поднесено придружна поткрепувачка документација, разгледано е од страна на Главниот државен ревизор, стручното тело за оценка на квалитетот во ДЗР, помошник главен државен ревизор и раководителот на ревизорската екипа во Државниот завод за ревизија.

Наведените коментари, не се доставени во форма ниту содржат забелешки по претходниот извештај. Истото претставува пишано образложение и квалификација на констатираните состојби и неправилности во извештајот од аспект на “точно“ и “неточно“. Сите наведени коментари на министерот не нудат нови докази ниту документација која влијае на промена на искажаните состојби во извештајот ниту во одговор на поставените ревизорски цели. Посочените аспекти во коментарите на министерот се разгледани од аспект на нивна поткрепеност со дополнителна документација и оправданост со цел доколку нудат нови информации и докази во функција на ревизијата да се изврши дополнување на постојниот ревизорски извештај и да се презентираат во конечниот извештај.

Во продолжение ќе бидат претставени мислењето на министерот/министерството за одредени делови и точки од ПИ, извадоци од ПИ за кои се доставени мислења од министерот како и мислење на ОДР. Мислењата за одредени делови од ПИ поднесени од министерот ќе бидат претставени почитувајќи и применувајќи го принципот на “реченица за реченица“ со цел истите да бидат јасно разбрани и да се испочитува ставот на ДЗР.

**Извадок од ПИ – Основни податоци стр. 18** – “Поради обемноста на информациите кои се среќаваат кај повеќе извори и институции од областа, ќе се задржиме само на петте сектори чие учество е значајно во вкупната емисија на ЕСГ во Македонија. Анализата е направена во 2008 година. Во секторот енергетика најголемо учество во вкупните ЕСГ има енергетската индустрија, потоа слободните емисии, транспортот, градежништвото и останати.“

**Мислење на министерот по извадокот**: “Во насока на унапредување на легитимноста на извештајот, укажуваме дека одредени констатации треба да се променат. Поконкретно, во делот на основните податоци, треба да се коригира делот на емисиите од клучни извори од секторот енергетика (стр. 18), кои се најголеми од директните енергетски трансформации.“

**Мислење на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон документите изработени од МЖСПП на РМ како што е образложено детално и во пасусот 3 од овој документ, информациите и податоците во поглавјето Основни податоци од ПИ, ревизорите ги форматираа и формулираа црпејќи податоци од повеќе документи, најчесто – Втор национален извештај за климатски промени на РМ и тоа изворно. Министерот, мислењето - предлогот за корекција не го поткрепува со нови информации, ниту со прилог документација. Дали предлогот за корекција значи наместо “енергетската индустрија“ да се замени со “директните енергетски трансформации“, од пасусот на мислењето не е јасно ниту се доставени докази дека второто треба да го замени првото. Сите податоци и информации се официјализирани во стратешките документи генерирани и од МЖСП на РМ, ревизорите потребен дел

презедоа во изворна форма и како такви ги пренесоа во поглавјето Основни податоци. Затоа секоја промена на информациите во поглавјето Основни податоци треба да произлезе од промената на истите информации во документацијата генерирана и од МЖСПП на РМ. Наполно е разбирливо дека оваа област/материја е подложна на развој и промени, но целта на ревизијата не е да ги лови последните измени на учеството на петте сектори во ЕСГ, впрочем затоа постои јасна одредба дека податоците во извештајот се однесуваат на извршена ревизија за периодот 2006 – 2008 година. Целта на поглавјето основни податоци како што е кажано и во воведот е да дадат "јасна слика за состојбите активностите и напредокот на РМ ......" и затоа опфатот на нашата работа е определен за периодот 2006 – 2008. Онаму каде во тек на ревизијата (период на ревизија февруари/октомври 2009 година), кој период е различен од ревидираниот период 2006 – 2008 година, за одредени активности ревизорите имале сознанија дека состојбите во периодот на вршење на ревизијата се изменети, тоа е недвосмислено и јасно нагласено во сите делови на извештајот. **Заклучок на ОДР: не се приложени документи како поткрепа на изнесеното мислење, пасусот останува во иста формулација и во Конечниот извештај.**

**Извадок од пасус _ финансирање на мерките и превенцијата за намалување на ефектите од климатските промени – домашни и меѓународни извори стр. 20:** "Така за секторот енергетика проектираните финансии за мерки за намалување на ЕСГ по повеќе инвестиции на вкупен износ се 1.075 милиони евра, во индустрискиот сектор проценката на финансирање на мерките е направена само со лоцирање на можностите и извори на средства како јаглеродно финансирање или CDM, кредити и донации."

**Мислење на министерот по извадокот:** "Во делот на финансирањето потребно е да се наведе како е дојдено со пресметка за проектираните финансии за мерки за намалување во секторот енергетика (во износ од 1.075 милиони евра). Ова е клучна работа во нашите идни преговори со ЕУ, кога ќе треба да се испреговараат транзициските периоди за преминот во групата држави од анексот 1. Во таа насока сметаме дека и целиот извештај треба да даде посилен осврт на идните потреби на државата во процесот на евроинтегрирањето за областа климатски промени, особено во делот на идентификување и спроведување на на институционални, технички и финансиски активности заради воведувањето на националните регистри, и известувањето за мерките за намалување на климатските промени, како и мониторирање на степенот на спроведеност на мерките за намалување. Сметаме дека е потребна дополнителна анализа и пресметка, што МЖСПП веќе го афирмира во повеќе билатерални и средби на регионално и меѓународно ниво."

**Мислење на ОДР:** проектираните финансии за мерки за намалување на ЕСГ по повеќе инвестиции во вкупен износ од 1.075 милиони евра се податок исцрпен и презентиран официјално од документот Втор национален извештај за климатски промени на Република Македонија/Втора национална комуникација – глава 5 Ублажување на климатските промени. Цитирам "Мерките што ќе придонесат за намалување на емисиите на стакленички гасови од електроенергетскиот сектор се систематизирани во табелата 5.3.1.2." Во продолжение се претставени табеларно мерките за намалување на емисиите на стакленички гасови во електроенергетскиот сектор кои се опишани по цели, објекти/инвестиција, тип, инволвирани субјекти, временска рамка, финансии, еколошки ефекти и коментар/дополнение. Збирот од колоната финансии во износ од 1.075 милиони евра е составен само од оние цели/позиции за кои изготвувачот дал проценка на финансиите, но постојат цели/позиции за кои проценетите финансии се дадени по мерна единица на пр. 30 евра/тон, а кои проценки не се вклучени во износот од 1.075 милиони евра. Во пресметката односно проценката на потребните финансии за преземање мерки за намалување на ЕСГ претставена во документот Втор национален извештај/Втора национална комуникација, ревизорите не навлегоа во смисла на тоа дали истите се темелат на стручни проценки, кои параметри се користени при истите – пазарни или

проектирани, ниту се инволвираа во стручноста на лицата кои ги вршеле истите (проценките и мерките), раководејќи се дека овие мерки се јавно и официјално презентирани на национално и меѓународно ниво во јавен документ кој е доставен и до UNFCCC. Очекуваме дека зад податоците во официјалниот документ стојат сите напред наведени професионални учесници во изработката на документот од различни профили – во делот за енергетика се наведени академици и доктори на науки од областа енергетика. Треба да нагласиме дека финансиските податоци во табелата за мерки не се дадени во целост зад секоја цел, туку парцијално по одредени цели за кои изготвувачите имале информации, па оттука вредноста на финансиите во секторот енергетика за преземање на мерките за намалување на ЕСГ ќе биде и поголема од износот од 1.075 милиони евра кој е даден во ПИ. Овие "барања" од ревизијата за наведување на тоа како е дојдено до пресметката за проектирани финансии, укажуваат дека токму отсуството од координација, комуникација и взаемна соработка на сите релевантни институции од областа на еднакво ниво отсуствува и дека е клучен фактор кој недостига за да се исполнат целите на ниво на институции, а потоа и на државно ниво за идентификување и спроведување на институционални, технички и финансиски активности со цел воведување на националните регистри/катастар на загадувачи, како и мониторирање на степенот на спроведеност на мерките за намалување на климатските промени. Токму затоа ОДР во своето мислење искажал воздржување по неколку клучни прашања: дека МЖСПП на РМ нема повратни информации од други надлежни институции за спроведување на степенот, обемот и успешноста на имплементацијата на мерките и препораките за намалување на ЕСГ согласно Втората национална комуникација, иако ја има улогата на креатор и координатор на политики и мерки од областа. Истовремено, затоа ОДР во своето мислење ја нагласи улогата на ограничените човечки ресурси – еден национален координатор за климатски промени во МЖСПП на РМ. Токму поради сериозноста на ефектите од климатски промени, релевантните и надлежни институции кои преку ВНИКП проектирале мерки за намалување на ЕСГ со сите претходно наведени елементи, но поради ограничените човечки ресурси во МЖСПП на РМ истите не можат да се следат и/или отсуствува потребната координација и взаемна комуникација по однос на прашањето за спроведување, следење, мониторирање на мерките за намалување на ЕСГ. Како во вакво опкружување надлежното министерство ќе може да ги креира, усогласи, промени или насочи политиките и алатките на политики за намалување на ЕСГ, а со тоа и намалување на ефектите од климатските промени, а кои други институции ќе треба преку креираните мерки и алатки овие политики да ги спроведат?

**Заклучок на ОДР: не се приложени документи како поткрепа на изнесеното мислење, износот останува во иста форма и во истиот пасус – без дополнително објаснување.**

**Извадок од ПИ:** "Промовирањето и информирањето на интересентите за инвестирање во CDM проекти, тековно се врши преку веб страницата на министерството како единствена опција за стекнување на информации."

**Мислење на министерот по извадокот:** "Во делот на ревизорските наоди, не можеме да се сложиме со констатацијата на страна 28 дека единствена опција за стекнување на информации за инвестирање во ЦДМ проекти е web страницата на министерството. Напротив преку учество на многубројни конференции, работилници (во земјата и странство), доставени информации во пишани и електронски медиуми, интервјуа, непосредни комуникации со заинтересирани инвеститори и сл. континуирано се информира за механизмот и можностите за ползување на истиот. Се разбира, дека нивото на неговата промена не зависи само од желбата на државата – домаќин, туку и од интересот на двата субјекти кои го спроведуваат проектот од земјата домаќин и инвеститорот. Не ретко, трошоците за верификација на проектите не ја оправдуваат целта за спроведување на проектот како ЦДМ ја детерминира и неговата физибилност како ЦДМ."

**Мислење на ОДР:** Во прилог на овој коментар не се доставени документи или други материјали од кои ќе се потврдат коментарите за учество или непосредни комуникации со заинтересирани инвеститори. Од МЖСПП на РМ доставени се материјали од спроведени презентации и интервјуа кои се однесуваат на климатските промени но не значат ниту упатуваат на контакти со инвеститори, односно претставуваат презентирање на моменталните состојби и услови во Македонија за отпочнување и реализирање на ЦДМ проекти. Напротив, во едно од посочените интервјуа, заинтересираните донатори се упатуваат на веб страницата на МЖСПП на РМ за сите потребни информации. Констатацијата за единствена опција за стекнување информации за инвестирање во ЦДМ проекти на Македонија како земја домаќин потврдена е и преку службен разговор и ревизорска белешка од страна на функцијата државен советник за климатски промени во МЖСПП на РМ. Впрочем, информациите кои ги презентиравме во ПИ за ЦДМ проектите во Македонија со инвестиции на министерството на Италија се добиени од италијанското министерство. Нашата оценка имаше за цел да ги поттикне релевантните лица во министерството да се обидат да направат повеќе за привлекување на можни земји инвеститори во ЦДМ проекти во Македонија. Сметаме дека недокажаниот/непоткрепениот начин на промовирање за инвестирање преку учество на конференции, работилници или непосредни контакти не е во служба на достатно запознавање и привлекување на можни инвеститори. МЖСПП на РМ е креатор и координатор на политиките и мерките за намалување на климатските промени. Оттука, промоцијата за привлекување на нови инвестиции треба да се осмисли и реализира во координација со сите чинители/учесници во мерките и алатките за намалување на ЕСГ, а тоа се надлежните институции за секторите кои се квалификувани како најзначајни емитери на ЕСГ. Промоцијата за привлекување на инвеститори треба да е резултат и плод на координирани активности и заеднички настап, со доволен фонд на вистински информации од кои инвеститорите ќе се наведат да одлучат и да преземат соодветни дејствија, односно да инвестираат во ЦДМ проекти во Македонија. Применетиот начин на промоција на ЦДМ проектите преку конференции, работилници и комуникација со заинтересирани инвеститори досега не покажал резултати имајќи предвид дека и Меморандумот за разбирање со Словенија за реализација на ЦДМ проекти од 2006 година не е во функција ниту има преземено по истиот активности од обете страни. Тука не смееме да ги изоставиме и информациите околу фискалните алатки – дали постојат соодветни даночни ослободувања, олеснувања, царински погодности и други видови на алатки за евентуалните вложувања во ЦДМ проекти кои несомнено ги интересираат инвеститорите. Овие податоци се сиромашни и без оглед дали промовирањето на ЦДМ проектите се врши преку единствената опција – веб страница на МЖСПП на РМ, не се достапни на пошироко ниво.

**Заклучок на ОДР: не се приложени документи како поткрепа на изнесеното мислење, констатацијата останува во КИ и се предлага да биде дополнета со предлозите дадени погоре во мислењето на ОДР.**

**Извадок од ПИ стр. 34. точка 5.9 алинеја 4:** "Работата на членовите на комисијата подлежи и на награда која се исплаќа "на разумна основа" согласно измените на ЗЖС, без при тоа да се одредени критериуми за описот "разумна основа".

**Мислење на министерот по извадокот:** "на страна 34 во точката 5.9 алинеја 4 не е точно презентирана наградата која се исплаќа на членовите на прекршочната комисија. Воедно во член 212 – б став 9 е наведено дека членовите на прекршочната комисија имаат право на награда за својата работа во Прекршочната комисија, "која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот на работата на членовите на комисијата и сложеноста на прекршоците". Од ова произлегува дека Законот за животна средина ги утврдил критериумите на она што значи разумна основа, односно наградата треба да соодветвува на "значењето, обемот на работа на членовите на комисијата и сложеноста на прекршоците." Поради ова Министерството за животна

средина и просторно планирање го оспорува делот од извештајот во кој се наведува дека "без при тоа да се определени критериуми за описот "разумна основа, што следи како награда за членовите на Прекршочната комисија".
**Мислење на ОДР:** точката 5.9 алинеја 4 од ПИ воопшто не се однесува на точноста на презентирање на наградата која "се исплаќа" на членовите на прекршочната комисија, туку се однесува на тоа дека наградата "треба да биде разумна согласно соодветноста на значењето,обемот на работа на членовите и сложеноста на прекршоците", без при тоа да се наведе, детализира по кој начин, критериум истите ќе се утврдат. Мислењето на министерот за исплаќање на наградата е искажано во сегашно време, иако подолу во мислењето тој тврди дека членовите на комисијата воопшто не добиле награда за својата работа во ПК. Кој го утврдува значењето, обемот на работа на членовите на комисијата како и сложеноста на прекршоците, врз основа на што се цени што е посложено или помалку сложено и понатаму за ОДР останува дилема.
**Заклучок на ОДР: не се приложени документи како поткрепа на изнесеното мислење, констатацијата останува во КИ и се предлага да биде дополнета со предлозите дадени погоре во мислењето на ОДР.**

**Извадок од ПИ стр. 34. точка 5.9 алинеја 5: "**Во октомври 2008 година од Министерот на МЖСПП на РМ донесено е решение за формирање на комисија за одлучување по прекршоците од областа на животната средина во кое е наведено, дека наградата која ја добиваат членовите на комисијата ја определува министерот со посебно решение, а висината на наградата се определува во зависност од обемноста на работата на членовите и сложеноста на прекршоците. Ревизијата побара поблиски критериуми за утврдената висина на наградите, но истите не беа доставени."
**Мислење на министерот по извадокот:** "воедно во алинејата 5 од истата точка 5.9 не е точно дека на ревизорите не им се дадени поблиски критериуми за утврдената висина на надоместокот. Имено, во ревизорскиот извештај никаде не се споменува дека членовите на прекршочната комисија до сега воопшто не добиле награда за својата работа во Прекршочната комисија. Од изреченото во извештајот се добива впечаток дека членовите на Прекршочната комисија добиле таков надоместок, што е погрешно наведување на истото во извештајот. Поради ова ревизорите во текот на известувањата кои се однесувале на прекршочната комисија, требало да го констатираат фактот дека членовите на Прекршочната комисија немаат добиено никаков надоместок во овој момент, поради што ниту можела да даде поблиски критериуми за утврдениот надоместок. Особени, министерството смета дека поблиските критериуми се доволно образложени и утврдени во член 219 – б став 9 од Законот за животна средина. Како заклучок предлагаме во овој дел од ревизорскиот извештај да се констатира дека членовите на прекршочната комисија немаат добиено никаков надоместок за својата работа во Прекршочната комисија.
Воедно, министерството смета дека за предметниот извештај воопшто не е релевантен аспектот на тоа дали членовите на Прекршочната комисија добиваат надоместок или не. Ова прашање сметаме дека само може да биде опфатено од аспект доколку се гледа дали членовите на Прекршочната комисија се доволно стимулирани да ја извршуваат својата работа, но никако ос аспек на прашање кое е директно поврзано со климатските промени. Примањето на надоместокот или не на членовите на Прекршочната комисија е релевантно само за работата на прекршочната комисија, но не и во однос на оценка на успешноста на активностите поврзани со намалување на климатските промени во Република Македонија.
**Мислење на ОДР:** Одговорот на оваа забелешка е продолжение на одговорот од претходната точка со дополнување дека во ревизорската документација обезбеден е и документот "Наредба" со која се забранува исплаќање на хонорари за членовите на комисиите во рамки на Министерството, а кои се вработени во Министерството. Наредбата важи за сите членови на комисии формирани од страна на Министерството без исклучок. Дали со овој документ "наредба" само формално правно се поништува претходно генерираниот документ "Решение", иако по основ на вториот како што се

објаснува во мислењето не се случиле никакви дејствија т.е. исплати, за ревизијата остана нејасно. Напомнуваме дека во тек на вршење на ревизијата на наше барање за доставување на посочените извештаи од прекршочната комисија кои согласно член 9 од решението за формирање на комисијата, истата треба да го достави до министерот со цел увид во работата на комисијата како и основа за добивање на споменатата награда, не се доставени во формално правна форма туку во електронска. Самите извештаи содржат број на предмети и по барање на ревизијата за добивање на појаснување каков критериум е определен за висина на односната награда (дали има класификација на пр. 10 – 20 предмети еден износ, 20 – 30 предмети друг износ или износ по предмет), надлежните лица одбија да дадат објаснување со образложение дека ревизијата навлегува во самостојноста на работата на прекршочната комисија. По овој настан одржан е состанок кај Државниот секретар на министерството но без резултати. За ревизијата и понатаму останува отворено прашањето за начинот на одредување на разумната основа за наградување на комисијата како и износите на наградите.

Со ревизијата опфатено е и работењето на ДИЖС како контролен механизам кој е надлежен да врши надзор и контрола над спроведување на ЗЖС и ЗКАВ и истовремено за прекршителите или субјектите кои не се придржуваат/не ги спроведуваат одредбите од истиот да изрече глоба, поведе прекршочна постапка и/или кривична постапка. Во продолжение на забелешката од оваа точка, напомнуваме дека оваа комисија има за цел да одлучува по прекршочни пријави од овластени/државни инспектори за животна средина и да ја води прекршочната постапка и изрекува прекршочни санкции согласно прописите од областа на животната средина. Напротив, од особено значење за ревизијата е постапувањето на Комисијата и превземените мерки и санкции согласно ЗЖС и ЗКАВ, вклучувајќи ги и санкционирањата по основ на емисии на стакленички гасови или загадувања на воздухот. Согласно оваа законска регулатива се постапува и кон оние кои вршат емисија на стакленички гасови спротивно на одредбите на посочената регулатива. За таа цел е презентиран и прегледот 5 во ПИ за број на доставени и решени предмети од Комисијата. Оттука, работењето на инспекциските органи како и на другите форми (Комисии во надлежното министерство), активностите кои истите ги преземаат со цел откривање и санкционирање на прекршителите на законските одредби од областа на животната средина се од интерес за односната ревизија.

Истовремено, упатуваме на член 20 од Законот за државната ревизија став 1 и 2, според кој ОДР и ДР имаат право на увид во книгите, обрасците и друга документација како и право да бараат објаснување од претставниците на субјектот кај кој се врши ревизија, кое во конкретниот случај при самата ревизија беше доведено во прашање. Според истиот закон непочитувањето на споменатата одредба/член 20, предизвикува и примена на член 28 според кој доколку правното лице – субјектот кај кој се врши ревизија не ја стави на располагање на ОДР односно на ДР потребната документација или го ограничи обемот на испитувања или оневозможи примена на одредени ревизорски постапки, ќе се казни со парична казна од 10 до 300 илјади денари.

**Заклучок на ОДР: не се приложени документи како поткрепа на изнесеното мислење, констатацијата останува во КИ и се предлага да биде дополнета со предлозите дадени погоре во мислењето на ОДР.**

**Извадок од ПИ стр.30 точка 5.2.** “Одредени делови од тековната законска регулатива – ЗКАВ – мерење на испуштени штетни материи во воздухот/дозволени концентрации / известување од испитување на загаденост на воздухот за периодот 2006 - 2008 не се во целосна примена поради следното:

- отсуство на подзаконски акти со кои ќе се дорегулираат одредбите од ЗКАВ. Во 2007 година и почетокот на 2009 година дел од оваа состојба почнува да се менува со преземање на активности од МЖСПП на РМ за донесување на подзаконската регулатива;

- постапување по подзаконска регулатива[1] донесена врз основа на законски акти кои се укинати. Ваков случај е со Законот за заштита на воздухот од загадување, укинат со донесување на ЗКАВ во 2004 година. Во завршните и преодни одредби на ЗКАВ е наведено дека посебните прописи за негово извршување ќе се донесат во рок од три години од денот на отпочнување на неговата примена, односно до 2007 година. До определениот период МЖСПП на РМ ги нема донесено сите подзаконски акти. Во вршење на должноста релевантните институции постапуваат согласно подзаконски акти неусогласени со новата регулатива, сите мерења се вршат по истите. Оттука понатамошната примена на актите кои не се ажурирани ја доведува во прашање веродостојноста на податоците од институциите и сите останати служби при МЖСПП на РМ, а со тоа и на сите други институции, корисници на податоците на министерството.

**Мислење на министерот по извадокот**: “Тековната законска регулатива за воздух е: Законот за квалитет на амбиентен воздух донесен во 2004 година кој е рамкобен закон и со кој се пропишуваат подзаконските акти за мерење на емисии на загадувачките супстанции во воздухот, квалитетот на амбиентниот воздух изразен преку концентрациите на основните загадувачки супстанци, методологија за инвентаризација и известување по конвенцијата LRTAP како и останати подзаконски акти согласно законот. Во однос на констатацијата дека имплементацијата на законот во период 2006 – 2008 не е целосна сметаме дека дадениот текст треба да се промени. Имено, треба да се додаде дека во 2005 година донесена е Уредба за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за гранична вредност, целн вредности и долгорочни цели која стапи на сила на 01.01.2007 година за чија полесна имплементација беше подготвено упатство за употреба и споредба на граничните вредности. Истата е во редовна употреба од страна на МЖСПП и другите институции кои го следат квалитетот на воздухот. Во текот на 2007 година беше донесен Правилник за оценување на квалитетот на воздухот во кој се дадени референтните методи усогласени со Еу директивите по кои треба да се врши мерењата на квалитетот на амбиентниот воздух. Во 2007 година донесен е Правилник за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот во Европа (ЕМЕП) согласно кој се врши инвентаризација на емисиите на загадувачки супстанци согласно LRTAP конвенцијата и редовно секоја година до 15 февруари се испраќаат податоците до конвенцијата. Треба да се нагласи дека оваа методологија на инвентаризација се користи во Република Македонија од 2002 година и се известува по неа иако регулативата не беше донесена. Земајќи предвид дека од ЗКВ произлегуваат динамиката на нивното донесување е дадена согласно НПАА и истата се спроведува во целост.

**Мислење на ОДР**: самото мислење и укажување на министерството во детали опишува кои подзаконски акти се донесени во 2007 година и не се разликува од изнесеното во ПИ каде во поедноставна форма е споменато дека дел од оваа состојба почнува да се менува во 2007 и 2009 година со преземање на активности од страна на МЖСПП на РМ за донесување на подзаконска регулатива. Оттука не е јасно дали тоа што министерот предлага да се измени во КИ се однесува само на обемноста и потенцирање на информациите (детално посочување на подзаконска регулатива која е

[1] Пример: Правилник за максимално дозволени концентрации и количества и за други штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл.весник на СРМ 20/74, 6/81, 10/90, 50/92, 62/93 година) од Закон за заштита на воздухот од загадување;

донесена во 2007 година по целосен назив) и дали потенцирањето на истата по наслови придонесува за поквалитетен опис во точката 5.2. од ПИ.

**Заклучок на ОДР: поткрепувачка документација кон точка 5.2 од ПИ не е поднесена, констатацијата останува и во КИ.**

**Извадок од ПИ, стр.33 точка 5.7:** Со цел воспоставување на единствен информационен систем за состојбите со квалитетот на животната средина во РМ, согласно позитивната законска регулатива за животна средина во РМ, воведен е Катастар и карта на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот. Согласно директивите на ЕУ (ЕУ 2001/81/ЕС) за известување за загадувањата на воздухот, Македонија има обврска за доставување на извештаи за загадувањата до ЕЕА како и до Конвенцијата за прекугранично загадување LRTAP по усогласена CORINAIR методологија. До 2005 година министерството води Катастар на загадувачи, но од 2006 година не се проектирани финансиски средства за водење на катастарот, кое го запира континуитетот на оваа форма. Повторно започнува водењето на Катастарот во 2008 година, но со прекин во временската низа на податоци од 2005 до 2008 година.

**Мислење на министерот по извадокот**: “Во поглавјето 5.7 треба да се измени и додаде следното: Известувањето до ЕЕА и LRTAP не се врши согласно директивата ЕУ 2001/81/ЕЦ туку согласно барањата на Конвенцијата LRTAP. За ваша информација во текот на следната година ќе се донесе Правилник за горни граници кој е усогласен со директивите на ЕУ 2001/81/ЕЦ и во текот на 2011 ќе се започне со известување до ЕЕА и Конвенцијата LRTAP.

**Мислење на ОДР**: Мислењето на министерот не се разликува од описот даден во точка 5.7 од ПИ. Во точката 5.7 во ПИ **никаде не е наведено** дека известувањето до ЕЕА и до Конвенцијата за прекугранично загадување LRTAP се врши согласно директивите на ЕУ (ЕУ 2001/81/ЕС), туку напротив дека Македонија **има обврска** да ги исполни барањата произлезени од овие директиви за известување за загадувањата на воздухот со доставување на извештаи за загадувањата до ЕЕА како и до Конвенцијата за прекугранично загадување LRTAP.

**Заклучок на ОДР: Констатацијата останува и во КИ. Точката 5.7 во КИ може да се дополни со следната реченица: во МЖСПП на РМ се преземаат активности за подготовка на подзаконска регулатива која се очекува да биде усогласена со ЕУ директивите со кои Македонија има обврска да известува до ЕЕА и Конвенцијата LRTAP.**

**Извадок од ПИ стр. 33 точка 5.7.** : “Согласно Предлог буџетот на МИЦЖС за периодот 2006 - 2009 година - програма Мониторинг и управување со податоци, како и Оперативната програма за работа и буџет на центарот, побарани се и проектирани средства за одржување и надополнување на Катастарот на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот во вкупен износ од 6.5 млн. денари. Во 2007 година одобрени се средства со решение за одобрување на неповратни средства од Компензациониот фонд од странска помош – Швајцарија во вкупен износ од 7 млн денари за реализација на проектот “Надградба и одржување на Катастарот на загадувачки супстанци во воздухот, отпадни води и отпад на РМ и воспоставување и одржување на циклусот за CORINAIR програмата“, како и проектот “Изработка на катастарска карта на загадувачи на воздухот“. Средствата по проектот не се искористени до 2009 година, иако договорот со институцијата за изработка на Катастарот е склучен кон крајот на 2008 година. Ова од причини што Министерството за финансии на РМ во август 2009 година го информира МЖСПП на РМ и укажува на несовпаѓање на насловите на проектот и предметот на јавна набавка, целите и предметот на склучените договори со институциите за изработка на Катастарот и Катастарската карта. Оваа состојба

всушност и ја забавила исплатата на дел од средствата од Компензациониот фонд преку МФ на РМ до МЖСПП на РМ. Сепак останува отворено прашањето за тоа зошто МЖСПП на РМ до 2009 година не направило напори за интензивирање на активностите поврзани со реализација на споменатите проекти.
Во период од 2006 до изготвување на Катастарот во 2009 година, податоците се делумно пресметувани и како такви доставувани до ЕЕА иако податоците треба да бидат црпени од катастарот како законска форма кој се уште е во фаза на подготовка. Постои празнина и во низата на податоци и информации за инвентарот на ЕСГ за 2006, 2007 и 2008 година за кои не се доставени известувања ниту постојат податоци.“

**Мислење на министерот по извадокот**: Во однос на последниот пасус ви ги доставуваме следните забелешки: Констатацијата за податоците потребните средства за ажурирање на катастарот Македонскиот информативен центар за животна средина во својата програма за работа и буџетот редовно проектира средства за оваа намена.

**Мислење на ОДР**: даденото мислење на министерот не се однесува на побивање или оспорување на дел од точката 5.7 од ПИ ниту е приложена поткрепувачка документација. Во точката 5.7.од ревизорските наоди дадено е детално објаснување за проектирани средства за ажурирање на катастарот како и состојбите кои довеле до забавување на исплатата на дел од средствата од Компензациониот фонд.

**Заклучок на ОДР: не се приложени поткрепувачки документи и точката 5.7 останува и во КИ.**
**Извадок од ПИ точка 5.7:** “Во период од 2006 до изготвување на Катастарот во 2009 година, податоците се делумно пресметувани и како такви доставувани до ЕЕА иако податоците треба да бидат црпени од катастарот како законска форма кој се уште е во фаза на подготовка. Постои празнина и во низата на податоци и информации за инвентарот на ЕСГ за 2006, 2007 и 2008 година за кои не се доставени известувања ниту постојат податоци.“

**Мислење на министерот по извадокот:** “во однос на последниот пасус ви ги доставуваме следните забелешки: Имено, во период од 2006 до 2009 година до ЕЕА се доставуваат податоци од инвентарот согласно ЕМЕП методологија, а не од Катастарот. Во однос на инвентарот на стакленички гасови податоци согласно Втората национална комуникација постојат до 2002 година, а се известува до ЕЕА секоја година (2006, 2007, 2008 и 2009) со напомена дека последните податоци се од 2002 година.

**Мислење на ОДР**: делот од наодот кој се коментира од страна на министерот воопшто не упатува на користена методологија при доставување на податоци до ЕЕА, туку упатува на изворот на податоци кои се доставуваат до ЕЕА и дека истите се делумно пресметувани односно има прекин во низата за инвентарот на ЕСГ. Самиот коментар е контрадикторен во однос на доставувањето на низата на податоци до ЕЕА со тврдење дека се доставуваат секоја година од 2006 до 2009 година со напомена дека последните се од 2002 година. Во прилог на коментарот нема доставено поткрепувачка документација ниту од истиот е јасно како се доставуваат податоци за инвентарот на стакленички гасови секоја година, а последните се од 2002 година.

**Заклучок на ОДР: нема приложено поткрепувачка документација, делот од точката 5.7 останува во КИ.**